## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 91 став (2) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15 и 11/16), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА КОРИСНИЦИ ПО МЕРКИТЕ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

**Член 1**

Во Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/11 и 80/13), во членот 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, поблиски критериуми за избор на корисници на поддршка за инвестиции во систем за наводнување на пченка и фуражни култури се следните:

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата не надминува 1.200.000 денари се доделуваат 70 бодови или

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата е помеѓу 1.200.001 денари и 1.600.000 денари се доделуваат 60 бодови или

- доколку вкупната вредноста на инвестицијата е помеѓу 1.600.001 денари и 1.800.000 денари се доделуваат 50 бодови и

- доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е на возраст од 18 до 40 години на денот на поднесување на барањето или доколку носителот на земјоделското стопанство односно едно од одговорните лица на правното лице е жена, се доделуваат 30 бодови.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Бр. 10-1373/5

19 февруари 2016 година

Скопје

Министер за земјоделство, за труд и социјална политика,

м-р Михаил Цветков, с.р.